ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-136/2

Дата: 04.08.2015

**ДО**

**МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиски извештаи за 2014 година и ревизија на усогласеност на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (во натамошниот текст – МБПР).

Изразено е мислење без резерва за вистинитото и објективно прикажување на финасиската состојба и резултатот на финасиските активности во финасиските извештаи за 2014 година и за усогласеноста на трансакциите и активностите рефлектирани во финасиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје за 2009 година и за истата е издаден ревизорски извештај во кој е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување на финасиската состојба и резултатот на финасиските активности во финасиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финасиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на МБПР кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на МБПР за 2009 година и е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување на финасиската состојба и резултатот на финасиските активности во финасиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финасиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на раководството за финансиските извештаи
Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Македонската банка за поддршка на развојот застапувано од:

- Драган Мартиновски – главен извршен директор и
- Бесим Билали – главен оперативен директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Искористеноста на средствата ќе биде предмет на посебна

ревизија на успешност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиски извештаи за 2014 година на МБПР се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финасиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финасиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.03.2015 до 15.05.2015 кај Македонска банка за поддршка на развојот од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре, опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР за извршена ревизија на финсиските извештаи за 2009 година. При тоа констатиравме дека е постапено по дадената препорака односно, при спроведување на јавни набавки во кои освен цената се вреднуваат/евалуираат и други елементи (кавлитет), во тенедерската документација се дефинираат критериуми за начинот на кој ќе се пресметуваат и бодираат поделементите на критериумот квалитет.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Македонска банка за поддршка на развојот одржан на ден 05 јуни 2015 година.
Не се примени забелешки по нацрт извешатјот на овластениот државен ревизор број 11-136/3од 23.06.2015 година.

**Констатирани се следниве состојби:**

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Основањето, организирањето, управувањето и делокругот на работењето на МБПР се уредени со Законот за Македонска банка за поддршка на развојот[1] и Статутот[2] на МБПР. Со законот од 2009 година, извршени се промени во органите на управување со МБПР и наместо дотогашните: собрание на акционери, управен одбор, директори и други органи, воспоставени се: Собрание, Надзорен одбор, Управен одбор, и други одбори предвидени со Статутот.

Согласно Статутот на МБПР, Управниот одбор го сочинуваат два члена: главен извршен директор и главен оперативен директор, кои по претходна согласност од гувернерот на НБРМ ги именува Надзорниот одбор.

Утврдивме дека менаџерскиот договор на актуелниот главен извршен директор реизбран од Надзорниот одбор со Одлука број 02 - 1764/4 од

---

[1] Првобитниот Закон за Македонска банка за поддршка на развојот е објавен во Службен весник на РМ 24/98, и извршени измени во 6/2000, 109/2005 и 130/2008; и новиот Закон за Македонска банка за поддршка на развојот 105/2009;
2 Статут на МБПР од 20.12.2004 и нов Статут од 28.12.2009 и измени од 14.08.2012 и 29.11.2013 година.

01.04.2013 година не е обновен. Имено иако нема промени во правата, обврските и одговорностите на директорот кон МБПР, истите се уредени со договор од 07.06.2007 година, потпишан од страна на тогашниот претседател на Управниот одбор.

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што во текот на ревизијата склучен е нов договор меѓу претседателот на надзорниот одбор и главниот извршен директор број 37-28/1 од 10.06.2015 година, со што утврдената состојба е надмината.

4.1.2. Концептот бруто плата кој се применува од јануари 2009 подразбира начин на регулирање на обврските меѓу работникот и работодавачот и исплата на плата во бруто износ, при што обврзник за персоналниот данок на доход и сите социјални придонеси ќе биде работникот, а во негово име и за негова сметка ќе ги плаќа работодавачот. За таа цел извршени се измени во повеќе закони[3] во насока промена на процентите поврзани со утврдување на одредени права или промена на бројот на бодовите или коефициентите преку кој се утврдува основната плата на вработените.

Со увид во интерните акти на МБПР со кои е уредена исплатата на платите на вработените (правилници, договори, решенија, одлуки), утврдивме дека Одлуката за вредноста на бодот бр.33-15-62 од 27.10.2008 година, не е усогласена со наведениот концепт од причина што вредноста од 40 денари е нето вредност на бодот. Иако со извршените детални тестирања во пресметката и исплатата на плата, даноци и придонеси од плата ревизијата

---

[3] Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување (Сл. Весник на РМ бр. 142/08);
Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност (Сл. Весник на РМ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08 и 161/08);
Закон за работните односи (Сл. Весник на РМ. бр. 62/05, 101/08 и 161/08);
Закон за пензиското и инвалидското осигурување (Сл. Весник на РМ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07 и 161/08);
Закон за исплата на платите во Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр.70/94, 62/95, 33/97, 50.01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07 и 161/08);
Закон за здравствено осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08 и 6/09);
Закон за персонален данок на доход („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/02, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07 и 159/08);
Закон за данок на добивка („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07 и 159/08);
Закон за државните службеници (Сл. Весник на РМ бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08 и 6/09);
Закон за водите Сл. Весник на РМ “ бр. 87/08 и 6/09);
Сите колективни договори и други закони

не утврди грешки, примената на наведената одлука не овозможува реална проекција на висината на бруто платата на вработените.

Од страна на Управниот одбор на МБПР, дадени се задолженија на секторот за средства и ликвидност и службата за правни и општи работи за усогласување на Одлуката за вредноста на бодот согласно концептот на бруто плата. Истата ќе се применува по издадената согласност од страна на Собранието на акционерите.

**Препорака:**
Службите на МБПР да продолжат со преземените мерки активности за усогласување на актите.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива и Меѓународните стандарди за финасиско известување.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2014 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2014** | **2013** |
| Приходи од камата | 3.1. | 367.178 | 366.705 |
| Расходи од камата | 3.2. | (208.283) | (203.321) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | | 158.895 | 163.384 |
| | | | |
| Приходи од провизии и надомести | 3.3. | 35.055 | 33.027 |
| Расходи за провизии и надомести | 3.4. | (15.045) | (16.410) |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | | 20.010 | 16.617 |
| | | | |
| Нето добивка од курсни разлики | - | 0 | 130 |
| Нето загуба од курсни разлики | 3.5. | (977) | 0 |
| Останати приходи од дејноста | 3.6. | 6.346 | 18.658 |
| Трошоци за вработените | 3.7. | (33.167) | (33.318) |
| Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | 3.8. | (5.228) | (5.515) |
| Исправка на вредност, посебна резерва и рзервирањата | 3.9. | (6.060) | (27.098) |
| Останати расходи од дејноста | 3.10. | (20.250) | (17.410) |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | 119.569 | 115.448 |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | 119.569 | 115.448 |
| **Данок од добивка** | 3.11. | 12.057 | 134 |
| | | | |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **107.512** | **115.314** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 2.195.710 | 1.632.585 |
| Кредити и побарувања од банки | 4.2. | 12.636.788 | 12.308.380 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 4.3. | 138.405 | 153.593 |
| Останати средства/побарувања | 4.4. | 9.400 | 11.346 |
| Одложени приходи и однапред платени трошоци | 4.5. | 478 | 303 |
| Нематеријални средства | 4.6. | 18.858 | 776 |
| Материјални средства | 4.7. | 94.223 | 97.646 |
| **Вкупна актива** | | **15.093.862** | **14.204.629** |
| Вонбилансна евиденција - актива | 4.17. | 471.578 | 305.508 |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон банки | 4.8. | 12.650.243 | 11.882.041 |
| Обврски кон други комитенти | 4.9. | 158.928 | 157.734 |
| Останати обврски | 4.10. | 15.313 | 6.876 |
| Одложено плќање на трошоци и приходи во идните периоди | 4.11. | 3.764 | 6.182 |
| Резервирања за ризици и обврски | 4.12. | 16.629 | 10.932 |
| **Вкупно обврски** | | **12.844.877** | **12.063.765** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 4.13. | 1.193.792 | 1.193.792 |
| Резерви | 4.14. | 947.072 | 831.758 |
| Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето | 4.15. | 610 | 0 |
| Добивка за финансиска година | 4.16 | 107.511 | 115.314 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **2.248.985** | **2.140.864** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **15.093.862** | **14.204.629** |
| Вонбилансна евиденција - пасива | 4.17. | 471.578 | 305.508 |

ПРЕГЛЕД ЗА СОСТОЈБАТА НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ НА ДЕН 31.12.2014 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | Капитал | Останати резерви | | | Задржана добивка | **Вкупно капитал и резерви кој припаѓаат на акционерите на банката** | Нераспределена добивка | **Вкупно капитал и резерви** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Законска резерва | Останати резерви | Ревалоризациски резерви | Резерва за распределба на акционерите | | | |
| **Состојба на 31.12.2013 (претходна година) или 01.01.2014 (тековна година)** | 1.193.792 | 678.636 | 153.121 | 0 | 115.315 | 2.140.864 | | 2.140.864 |
| Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето | | | | 610 | | 610 | | 610 |
| Сеопфатна добивка/загуба за финасиската година | | | | | | 0 | 107.511 | 107.511 |
| **Состојба на 31.12.2014 (тековна година)** | 1.193.792 | 678.636 | 153.121 | 610 | 115.315 | 2.141.474 | 107.511 | 2.248.985 |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК**

| **За годината завршена на 31 декември** | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| **Паричен тек од основна дејност** | во 000 денари | во 000 денари |
| Добивка/Загуба пред оданочување корегирана за: | 119.568 | 115.448 |
| Амортизација на: | | |
| нематеријални средства | 436 | 336 |
| недвижности и опрема | 5.079 | 5.179 |
| Приходи од камата | (367.178) | (366.706) |
| Расходи за камата | 208.283 | 203.321 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето основ: | | |
| дополнителна исправка на вредноста | 102.610 | 111.428 |
| ослободена исправака на вредност | (107.745) | (84.718) |
| Загуба поради оштетување на нефинасиските средства на нето основа: | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | 363 | 388 |
| Посебна резерва: | | |
| дополнителни резервирања | 41.331 | 48.721 |
| ослободени резервирања | (35.633) | (65.689) |
| Останати корекции | | (1.884) |
| Наплатени корекции | 336.398 | 348.724 |
| Платени камати | (208.481) | (194.048) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | **124.668** | **119.500** |
| *Зголемувања/намалувања на деловна актива* | | |
| Кредити на и побарувања од банки | (328.407) | (1.579.934) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 15.188 | 69.118 |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | (248) | (1.938) |
| Останати побарувања | 1.557 | 3.072 |
| Останати обврски | (5.578) | (3.779) |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | **(192.820)** | **(1.393.640)** |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | **(192.820)** | **(1.393.640)** |
| **Паричен тек од инвестициска дејност** | | |
| Набавка на нематеријални средства | (18.518) | |
| Набавка на недвижности и опрема | (1.369) | (890) |
| **Нето паричен тек од инвестициска дејност** | **(19.887)** | **(890)** |
| **Паричен тек од финасирањето** | | |
| Отплата на обврски по кредити | (2.236.690) | (1.737.755) |
| Зголемување на обврските по кредити | 3.012.522 | 3.558.338 |
| **Нето паричен тек од финасирањето** | **775.832** | **1.820.583** |
| **Нето зголемување/намалување на паричните средства и еквиваленти** | **563.125** | **426.053** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | 1.623.585 | 1.206.532 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | **2.195.710** | **1.632.585** |